Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 43 став 2 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), на седницата одржана на 21.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА НАМЕНЕТИ ЗА ТРАНСПОРТ – СКЛАДИРАЊЕ НА МАЗУТ**

1. Во Одлуката УП1 Бр. 11-210/12 од 24.10.2012 година за издавање на лиценца за вршење енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на Мазут, на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ НЕГОТИНО во државна сопственост Неготино (Службен весник на Република Македонија бр. 132/12), во Прилог 1:
   1.1 Во точка 6, евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи:
   "НД - 39.04.1/12.2/17";
   1.2 Во точка 12 став 1 по алинејата 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:
   " - доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари."
   Алинејата 5 станува алинеја 6;
   1.3 Во точка 14 став 2 потточка 1 зборовите ", презентирани согласно Табелата 1, која е составен дел на оваа лиценца" се бришат;
   1.4 Точката 15 се менува и гласи:
   "Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност."

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, постапувајќи по службена должност, поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари (Службен весник на Република Македонија бр. 207/16 и 215/16), а врз основа на член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), врши менување на горенаведената Одлука.

Усогласувањето на лиценцата се однесува на обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Врз основа на оваа измена носителот на лиценцата, ќе има обврска бараните податоци да ги доставува на начин и во рокови дефинирани во Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од приемот.

**УП1 бр. 11-210/12**
**21.07.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**

| | |
|---|---|
| изготвил: | Пајазит Шеапи |
| | Марија Костадиновска |
| контролирал: | Далибор Митровски |
| одобрил: | Мартин Мартиноски |